ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ

Правото на професионална рехабилитација е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и тоа:

- Право на професионална рехабилитација има осигуреник кај кој ќе настане инвалидност пред навршени 50 години живот ако според преостанатата работна способност може да се оспособи за друга работа со полно работно време.
- Инвалид на трудот кој стекнал професионална рехабилитација се оспособува за вршење на друга соодветна работа за која е потребна стручна подготовка која одговара на работите што ги вршел на својата работа пред настанувањето на инвалидноста.
- По исклучок , професионална рехабилитација може да се обезбеди за друга работа за која е потребна стручна подготовка повисока од онаа која одговара на работите кои осигуреникот ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, ако таквото оспособување е оправдано со оглед на стручноста, годините на живот, работното искуство и склоностите и ако постои реална можност за вработување по завршено оспособување.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

КОЈ ИМА ПРАВО НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ?

- Право на професионална рехабилитација има осигуреникот во работен однос и воениот и цивилниот персонал согласно со закон, кај кој е утврдена професионална неспособност за работа.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

КОЈ ПОТВРДУВА ПРОФЕСИОНАЛНА НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА?

- Постоењето на професионалната неспособност ја утврдува Комисијата за оцена на работна способност при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, врз основа на непосреден преглед и соодветна медицинска документација.

- При тоа во Наодот, оцената и мислењето ма Комисијата се содржи и видот на работата за која може професионално да се рехабилитира, причина за постоење на професионална неспособност за работа и дата од кога е настаната неспособноста.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

УСЛОВИ ЗА УПАТУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИАЦИЈА

- Ако професионалната неспособност за работа е настаната како последица на повреда надвор од работа или болест, осигуреникот има право на професионална рехабилитација доколку има пензиски стаж кој му покрива најмалку една третина на периодот од наполнети најмногу 20 години живот до денот на настанувањето на инвалидноста (работен век), сметајќи го работниот век на полни години.

- Ако професионалната неспособност за работа настанала поради повреда на работа или професионална болест, осигуреникот има право на професионална рехабилитација без оглед на должината на пензискиот стаж.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

РОК ЗА УПАТУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- Осигуреник со право на професионална рехабилитација, кој во рок од шест месеца од денот на конечноста на решението за признавање на правото не е упатен на професионална рехабилитација, Фондот го упатува на преглед кај Комисијата за оцена на работна способност поради повторна оцена на преостанатата работна способност.

- На преглед поради повторна оцена на преостанатата работна способност ќе се упати и осигуреник со право на професионална рехабилитација, кога Фондот ќе оцени дека нема да може да се оспособи за работа на претходно одредената работа.

- Иницијатива за преглед на осигуреникот во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член може да даде и работодавецот.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ПРЕД , ЗА ВРЕМЕ И ПО ЗАВРШЕНАТА ПРОФЕСИОНЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- Осигуреникот кој стекнал право на професионална рехабилитација, од денот на настанувањето на инвалидноста до денот на почетокот на професионалната рехабилитација, за време на професионална рехабилитација и од денот на завршетокот на професионалната рехабилитација до вработувањето на соодветното работно место, има право на надоместок на плата во висина на инвалидската пензија во случај на професионална неспособност за работа.

- Надоместокот на плата му припаѓа на инвалидот на трудот најдолго 12 месеца.

- Кога професионалната рехабилитација се извршува надвор од престојувалиштето на инвалидот на трудот, а не може да се обезбеди постојан превоз од живеалиштето до местото каде што се извршува професионалната рехабилитација, за инвалидот се обезбедува сместување и храна или надоместок за сметување и храна за време на професионалната рехабилитација во друго место кое го одредува Фондот со општ акт.

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- Ова право е ограничено, односно престанува до колку во рок од еден месец инвалидот на трудот не почне со професионалната рехабилитација, ако без оправдани причини ја прекине професионалната рехабилитација, или ако не ја извршува должноста во врска со рехабилитацијата, или ако во определен рок не се јави на поканата за повторно оценување на работната способност.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ